ШИФРА: СОФИЈА ЕГЕЈСКА

# **„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ИЛИ ВО ПОТРАГА НА УМОТ И РАЗУМОТ“**

Што е живиот човек? Во што е смислата на животот што му доделен? Има ли некаква смисла задлабочувањето во смислата на неговото постоење?

Ликот и делото на Св. Климент е паметник на особено важен период од историјата на Балканот (X век), раскрсницата на севкупното општествено, верско, економско дејствување. Според повеќе писатели кои своето творештво (поттикнато од овдешните историски случувања) го создавале и создаваат на некој од балканските јазици, животот на Балканот, како што изминувало времето го менувал обликот, но не и содржината, а ова е својствено за *зборот*.Библискиот цитат: *„Во почетокот беше Речта, и Речта беше кај Бог, и Речта беше бог.“*[1]укажува на потеклото на зборот кој му даден во служба на земниот човек. Размислувајќи за овој библиски цитат, се укотвува становиштето дека човекот благодарение на слободната волја избира да биде во потрага на умот и разумот, односно на возвишеното или единствено да ги задоволи основните земски апетити и да умре како никогаш да не живеел, без никаква оставнина по него.

***Кој е Климент Охридски и зошто нам, на Македонците ние важен?***

За Климентовото родено име и родното место нема податоци. По враќањето од Рим, му помагал на Методиј во просветувањето на Словените во Моравија и Панонија и во борбата за одбрана на словенската писменост од нападите на латино-германските свештеници. По смртта на Методиј, Климент, Наум, Ангелариј, Горазд и Сава биле изгонети од Моравија. По долги искушенија пристигнале во бугарската престолнина Плиска[2]. Таму биле потребни учители кои ќе го просветлуваат народот на словенски јазик. Климент Охридски е основоположник на словенската писменост и црква сред Македонските Словени. Околу Охридското и Преспанското Езеро во Македонија, тој изградил многу училишта, цркви и манастири, коишто некои постојат и до денес, Климент јаосновоположил Охридската книжевна школа, која доследно го чувала и го продолжила делото на светите просветители Кирил и Методиј, создавајќи учители, свештеници, проповедници кои биле во духовна служба на овдешните жители. Постојат уште просветителски траги  кои и во овој XXI век блескаат над градот Охрид. Климент бил првиот словенски оригинален писател, чии дела се одликуваат со таква убавина што и денес возбудуваат и предизвикуваат восхит. За потребите на младата македонска црква  во Македонија, Климент напишал околу педесет слова, поголемиот дел, поради скромноста што била вообичаена за писателите во тоа време, Климент не ги потпишал. Со негов потпис се делата: *Поучение во памет на апостол или маченик, Поучение на воскресение, Слово на Врбница, Похвала за Лазар, Похвала на Кирил Филозоф* и др.

---

[1]Евангелие по Јован 1:1

[2]Плиска била првата престолнина во Бугарија. Дури подоцна престолнина станал градот Преслав.

[3]Кон крајот на IX век најголемиот дел од Македонија влегува во состав на бугарската држава. Бугарскиот кнез Симеон свикал собор за да се реши прашањето на јазикот во училиштето и црквата. Тој не ја прифатил словенската азбука, *глаголицата* и затоа тој побарал од Климента да изврши реформа на азбуката, кој тогаш бил епископ. Климент *одбил* да ја создаде новата словенска азбука, сакајќи да остане верен на Кирила, на од него создадената азбука. Поради тоа Климент се вратил во Охрид на должноста викарен[4] епископ.

***Светиот теолог од Охрид, богомудро учи за Бога Логосот***[5]

Св. Климент и св. Наум биле длабоко свесни за трагедијата на псевдопостоењето. Токму затоа, за нив, основен императив на животот претставува борбата со злото и гревот, односно очистувањето на природата на тварта[6] од загаденоста од гревот или со гревот. Изборот на гревот не се бара во материјата или во некој од вечните принципи, туку во демонската насоченост на слободната волја на разумните битија, добри по природа. Обоготворување на материјата е последица на демонската насоченост на волјата – градење на релации спротивно на волјата Божја: „*...тој исцело се посвети на душите, се грижеше да ја рашири со сите средства Господовата црква, не обрнувајќи внимание на телесни потреби и без да му е свиден животот, според божествениот апостол, и се грижеше мнозинството да го прими тоа спасение...*“[7]

Св.Климент и св. Наум се истовремено и првите толкувачи на библиските текстови.[8]Ако се земе предвид дека во тој историски период, Библиските списи биле најважните книжевни записи кои биле подобни пред целокупната јавност и црквата уживала голема моќ. Од современо гледиште, Библијата е обвиена со бројни контроверзии околу историските настани кои се забележени во неа, но од друга страна нејзината „жива реч“ и поучност и во ова модерно време наидува на читаност. Според „Евангелието по Јован“ 8:31,32 Исус им се обратил на Евреите со зборовите: *„Ако останетево моите зборови, навистина сте мои ученици, и ќе ја запознаете вистината и таа ќе ве ослободи.“* – Оваа реченица инспирира прашање: Кому му е потребно да има лага и ропство?

Ако се проучува смислата на вистината и слободата, а притоа се има пред себе сето познавање на ликот и делото на Климент Охридски, ќе се забележи дека Климент не уживал материјални богатства, немал државни почести. Што правел тој? – Според Теофилакт, Климент поучуваше ученици и ги облагородуваше дивите дрвца преку пресадување (калемење). Накратко, Климент беше единствено близок со мудроста и

---

[3]Пендовски, Б. (1989). Литература 51-56
[4]заменик епископ/владика
[5]1. Збор, говор, моќ на мислење и расудување, логичен суд, разум; 2. кај христијаните: чест синоним за Бог или за Исус Христос, оттаму:божји збор, творечка сила;
[6]материја
[7]Житието на Климент од Теофилакт
[8]Историјата како иконостас, С. Санџакоски, Икона,Скопје, 2003, 33

природата, мудроста која е една од особините на Бог и природата која ја создал. Климент бил близок со Бог.

***Од каде потекнува злото?***

Сентименталното воспитување и поучувањето на духот во Божјата (совршена) нарав е умислата на Климент.Целото негово знаење и умеење им го покажувал на своите ученици, за и тие да имаат можност да растат во словото на правдата и љубовта, во благонаравието. Климент неуморно целиот живот го положил на грижата за народот,особено на младите луѓе, сметајќи го тоа за храна и за наслада во неговиот земски живот.

Теофилакт во житието пишува. *„Ние никогаш не го видовме без работа: или деца учеше, и тоа разнообразно – на едни им раскажуваше како се пишуваат буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им покажуваше како да пишуваат, и тоа не само дење, туку и ноќе, или се предаваше на молитва, или пак се занимаваше со читање, или со пишување книги. А понекогаш истовремено тој вршеше две работи: пишуваше и им предаваше на децата некаква лекција, зашто знаеше дека безделието учи на секакво зло...“*

Климент научил да гледа и да слуша, да има чувствованија и да поседува душевност, да почитува и донесува мислење. Пречекорил којзнае колку прагови на храмови господови, влегол во дворци и палати, се искачил до кули и тврдини, врвел низ царства, кралства и кнежества, се дружел и беседел со болјари[9], благородници, владики, мудреци. Но, разговарал и присуствувал меѓу бездомници и безбожници, отфрлени и незгрижени, се соочил со сиромаштија и страданија, искушенија – бесконечни животни искуства. Го учеле и учел. Станал учител. И тоа останал – докрај.

Големиот учител оставил пример како треба да си ја исполнува службата секој иден учител, наставник, професор. Нема ништо ново во изјавата дека светот останува на младите, но што прват возрасните додека им го оставаат светот, чиј пример за живеењеи работење младите луѓе треба да го усвојат?

Сиов овој свет што нѝ ја исполнува очната зеница е збир од студ, лицемерие, необразованост или полуобразованост...и светов како таков е погоден за котење на злото, тој со вртоглава брзина ита кон пропаст, а да се љуби вистински и да се работи е тоа е тоа нешто што може да го спаси овој свет преполн со патила.

***Илјада и сто години од упокојувањето на учителот. Дали смртта одлучува дали човек ќе стане значаен***

Најнапредните луѓе секогаш успеваат од самотијата да создадат совршено место за живот во склад со мудроста. Искушенијата го зајакнуваат духот во неговата борба за вистина, затоа што е општо познато дека правите или проодните патишта не секогаш или никогаш не водат до вистина и до светлина. Човековиот живот е мачен, тежок, едноставно

[9]велепоседник

човек мора да се бори со сите приметни и неприметни демони за да остане во склад со Оној кој го создал. Климент го изодел непреодниот предел- животот, се изборил со сите искушенија-демоните и блеснал на небото кое го сметал за своја татковина.

*„..не може да се скрие град кој се наоѓа на планина. Светилката не се пали за да се стави во кошница, туку на светилник, па им свети на сите во куќата...“*[10]

Учителот Климент Охридски се упокоил во Охрид, во 916 година, во манастирот Свети Пантелејмон што го изградил тој, во кој ги поминал последните години од својот живот.

Од неговиот земен живот па досега, има поминато еден милениум и еден век, а неговото дело одекнува како севременски будилник над небото на словенските народи, над небото на македонскиот народ кој нема ништо повеќе негово од јазикот, еден од најголемите аргументи пред светската сцена, којашто како пренесуваат постојано за нешто го угнетува, е токму тој јазикот којшто служи за истакнување, непобитност, идентитет на македонскиот народ, независно колкав е бројот на говорители, Македонците мора постојано да покажуваат грижа и заштита кон него.

Почитувањето на светиот учител во текот на вековите се ширело и се шири кај словенските народи, одржувајќи богослужби, проучувањето на неговите творби, преку фрескосликарството. Но, негови најдостојни потомци се учителите кои ги учат малите деца на писмото, азбуката, моќта на зборот и притоа им ги и врежуват во сеќавањетопросветителските и духовните подвизи на Светите Кирил и Методиј, нивната продолжена борба од нивните свети ученици Климент, Наум, Ангеларij, Сава, Горазд.

Во времето кога живееше Климент, народите словенски беа гладни за спознание. Потребно беше негово „пронаоѓање“ и будење од мракот на неписменоста која воедно значи и немоќ и ропство. Тој будилник беше Климент- тој живеејќи по сопствената волја, а создадена по божјите координати, преживувајќи ги животните неволји, низ искуствата здобиени од чудесните искуства и страста да се истражи животната смисла и да се љуби сè живо. Сето тоа влијаеше да се пишуваат житија за него, а тој создаде творби за необични и вредни луѓе и појави со страст на страствен и посветен човекољубец, книгољубец, духовник.

Делото на Св. Климент Охридски е светол паметник на едно разнебитено време кое благодарение на човечката нарав знае често да се повторува на овие балкански простори, затоа ликот Климентов нека биде поттик за сите и млади и стари да се воспитуваат во добрината и љубовта. Колку и да се смеат и подбиваат злојазичниците, никогаш не е погрешно да се постапува исправно, во согласност со чистата совест, затоа постојано да нè води во животот Климентовата мисла: безделието учи на секакво зло, ајде да работиме, да бидеме добри луѓе.

[10] Евангелие по Матеј 5:14,15